ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**18-228/7

**Дата:** 05.12.2013

**ДО**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст Дирекцијата) – сметка на основен буџет - 603, за 2012 година.

Ревизијата утврди дека Дирекцијата постигнала напредок во спроведувањето на дадените препораки од изврштента ревизија за 2005 година.

Со ревизијата во 2005 година за Билансот на состојба е искажано негативно мислење, за Биланот на приходи и расходи – резултатот од финансиските активности е искажано позитивно мислење. За законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е е негативно мислење.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, мислење со резерва за Билансот на приходи и расходи како и за усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Дирекцијата - сметка на основен буџет - 603, за 2012 година како позначајни ги истакнуваме следните слабости:

- Не е воспоставен целосен систем на интерни контроли, воспоставена е делумна сметковдствена контрола, не се донесени процедури и постапки на сите нивоа на работење и не е пополнето одделението за внатрешна ревизија.

- Дел од материјалните средства не се сметковдствено евидентирани, иако Дирекцијата има обебедени имотни листи за целокупниот недвижен имот.

- Пописот не е извршен на начин предвиден со законската регулатива, односно не е извршено усогласување на сметководствената состојба со фактичката.

- Кај реализацијата на неколку договори за изградба на инфраструктурни објекти во ТИРЗ констатиравме недоследнсти во примената на Законот за јавни набавки.

Во однос на наведеното, а со цел на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки и тоа: воведување на систем на интерни контроли со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и нивно спроведување. Да се изврши сметководствено евидентирање на целокупниот имот на Дирекцијата. Да се преземат мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на начин превиден согласно законските прописи.

Од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони доставени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година. Дел од забелешките се прифатени со оглед на тоа дека е постапено по дадените препораки по Нацрт извештајот или се доставени дополнителни аргументи за утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна од 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата (во понатамошниот текст Дирекцијата) – сметка на основен буџет – 603, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2012 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2005 година и издаден е извештај за финансиските извештаи на Дирекцијата, во кој за финансиските извештаи и за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е негативно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Виктор Мизо - директор на Дирекцијата во периодот од 30.09.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Дирекцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот.

Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.05. до 23.08.2013 година кај Дирекцијата од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2005 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој извештај.
Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2005 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 11 | 79% |
| Неспроведени | 1 | 7% |
| Препораката е неприменлива | 2 | 14% |
| **Вкупно** | **14** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.08.2013 година.

Од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони доставени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012. Дел од забелешките се прифатени со оглед на тоа дека е постапено по препораките или се доставени дополнителни аргументи за утврдените состојби.

## 4.1 Интерни контроли

При оценка на системот на интерни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките, ревизијата го констатира следното:

- Воспоставена е делумна внатрешна сметководствена контрола а не се донесени упатства и процедури за финансиско работење.

- Во Дирекцијата не е воспоставена процедура на проток на документацијата и контроли што ќе спречат или откријат трансакции кои не се евидентирани или ќе бидат неточно евидентирани.

- Со оглед на дејноста, изгредба и одржување на технолошки индустриски развојни зони, не е воспоставена пракса на периодично усогласување на евиденцијата на материјалните средства со сметките на главната книга, што би овозможиле навремено отстранување на грешки и неправилности.

- Со актите за внатрешна организација и систематизација предвидено е одделение за внатрешна ревизија со еден раководител на одделение и еден внатрешен ревизор, меѓутоа истото не е пополнето како што е пропишано во член 31 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Од страна на одговорното лице во Дирекцијата во октомври 2011 година побарана е согласност од Министерство за финансии за обезбедени средства за погоре наведените работни места и основање на посебна единица за внатрешна ревизија, но не е добиено позитивно мислење.

Поради напред наведеното во Дирекцијата не се обезбедени услови за целосен и ефикасен систем на контрола, а согласно тоа раководниот орган не е во можност во целост да ги намали ризиците од работењето што може да доведе управувањето со јавните средства, да не се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

**Препорака:**
Одговорното лице во Дирекцијата да воспостави целосен систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и да се обезбеди нивно спроведување.

## 4.2 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1 Со извршениот увид во сметководствената евиденција на постојаните средства, ревизијата го утврди следното:

- Дирекцијата има воведена евиденција на земјиштето за ТИРЗ Радовиш за која сеуште не е донесена - Одлука за основање на ТИРЗ – од страна на Владата на РМ и нема документ за сопственост како основ за евиденција;
- Не е извршена ревалоризација на евидентираното земјиште согласно член 28 став 6 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Ревалоризацијата на земјиштето претставува разлика меѓу вредноста на крајот од пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот од ЕЛС во која се наоѓа земјиштето и сметководствената вредност.
- Во деловните книги на Дирекцијата не се води книга на основни средства на расположливите и новонабавените и отуѓени движени и недвижни ствари, согласно член 8 од Законот и член 7 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници.
- Инвеститорот, Дирекцијата, нема добиено завршна ситуација и нема направено технички прием на повеќе завршени објекти согласно Законот за градење, за кои има спроведено само интерен технички прием, од причина што нема можност за обезбедување на објектите, а согласно договорот до доставување на завршна ситуација таа обврска е на изведувачот, а по нејзино доставување тече гарантниот период за конкретниот објект.
- Дирекцијата нема доставено податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи со состојба на ден 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и 22 од Законот, член 7 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници и член 90 Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект нереално и необјективно прикажување на позицијата на материјалните средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препораки:**

- Секторот за финансиски прашања да преземе активности за соодветно евидентирање или иземање од евиденција на земјиштата за кои ДТИРЗ е корисник а Република Македонија сопственик, за кое се поседува имотен лист и да спроведе постапка за ревалоризација на евидентираното земјиште согласно законската регулатива во РМ;

- Во секторот за финансиски прашања да се отпочне со водење на книга на основни средства на расположливите и новонабавените и отуѓени движени и недвижни ствари, согласно законската регулатива.

- Одговорното лице да преземе мерки за целосно завршување на градбите со доставување на Конечни градежни ситуации од страна на изведувачите и отпочнување на процедура за технички прием на истите.

4.2.2 Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, од следните причини:

- Пописната комисија нема извршено внесување на сметководствената вредност на материјаните средства во пописните листи, нема извршено броење на количините на средствата, нема констатирани разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, ниту е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- Не е извршен попис на материјалните средства во подготовка и нивно усогласување со фактичката состојба;
- Пописната комисија нема направен попис на земјиштето на ТИРЗ Штип и ТИРЗ Ранковце за кој Дирекцијата поседува имотен лист;
- Деловната зграда на Дирекцијата во Бунарџик не е попишана, за кој Дирекцијата поседува имотен лист и пописната комисија нема дадено предлог мерка за нивно евидентирање во деловните книги;
- Обврските кон добавувачите не се попишани, истите на 31.12.2012 се проценети во вкупен износ од 38.267 илјади денари, преку проверка и потврдување на искажаните износи, утврдување на правната основа за нивното постоење, како и проверка дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во

сметководствена евиденција и не ги утврдила причините за неизмирените обврски.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**
Органите на управување и раководење на Дирекцијата да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на начин превиден согласно законските прописи.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

4.3.1. Со Договор бр.02-13/37 од 25.03.2009 година била предвидена изградба на канали за одводнување на прочистени води на ТИРЗ Скопје 1. Вредноста на договорот изнесува 24.758 илјади денари. По основ на договорот извршена е исплата на аванс на ден 06.04.2009 година во износ од 4.952 илјади денари. Реализацијата на договорот во 2012 година изнесува 6.275 илјади денари.
Со ревидирање на проектот од страна на надзорот и инвеститорот утврдена е потреба од прифаќање на дополнително количина на води кои треба да бидат зафатени, утврдени согласно состојбата на теренот. Од тие причини на 31.07.2009 склучен е Анекс кон основниот договор во износ од 7.307 илјади денари за *„Изведба на дополнителни и непредвидени работи при изградба на канали за одводнување на пречистени отпадни води од ТИРЗ Скопје 1„*.
Работите кои се предмет на овој договор треба да бидат извршени, комплетирани, технички предадени и формално примени од добавувачот во рок од 90 календарски денови од денот на воведување во работа, односно до 15.11.2009 година.
Со увид во извештаите на надзорот како и од извршените споредбени анализи на доставените времени ситуации и Предмер пресметката на работите, го констатиравме следното:

- Во проектот теренските коти биле погрешно преземени, затоа се појавила потреба од измена на трасата. Проектот нема подлоги за постојни подземни инсталации, поради што се јавува и поклопување на дел од водоводен потисен цевковод со трасата на отворениот канал во должина од 180 метри.

- Утврдено е дека на дел од предвидената траса за каналите постои депонија што значително ги отежнувало и поскапувало изведувањето на работите. Од тие причини надзорот предложил дека има ургентна потреба од докомплетирање на проектот и негово усогласување со теренската состојба. Усогласувањето и измената на проектот има доведено до нови непредвидени работи во вкупен износ од 11.054 илјади (35%) и истите се надвор од договорените согласно договорот и анексот.

Поради горенаведените состојби кои се однесуваат на нецелосна проектна документација доаѓа до повеќекратно одобрено продолжување на рокот од страна на надзорот/инвеститорот на рокот за изведба.[1] На 03.09.2010 година склучен е Анекс кон основниот Договор, каде рокот за извршување и целосно комплетирање на работите е 31.12.2012 година.
Нецелосната и непрецизна проектна документација, што е констатирано уште со склучување на Анекс кон основниот договор само три месеци после основниот договор допринеле до зголемување на вредноста на договорот за дополнителни и непредвидени работи во износ од 30%, како и изведба на нови непредвидени работи во висина од 35% , не се во согласност со барањата на Законот за јавни набавки, член 99 став 2 .

**Препорака**
Стручните служби на Дирекцијата во услови на нецелосна проектната документација и потребата од завршување и коплетирање на отпочнати градежни работи во ТИРЗ, доследно да ги почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки и дозволениот максимум за непредвидени работи од 30% од основниот договор.

4.3.2. По основ на Договор бр. 02-1065/31 од 18.12.2009 година, предвидена е Изведба и асфалтирање на улици и други пропратни објекти во ТИРЗ Скопје - 2. Како и Анекс кон основниот Договор, каде рокот за извршување и целосно комплетирање на работите е 31.12.2012 година. Вредноста на договорот е 138.109 илјади денари а неговата реализација во 2012 година изнесува 15.054 илјади денари. Во врска со реализацијата на договорот, врз основа на увидот во извештаите на надзорот како и доставените времени ситуации и Предмер пресметка како и приложениот преглед на Завршната ситуација предвидениот

[1] Повеќе барања за продолжување на рокот кој е прифатен како оправдана причина од страна на надзорот и инвеститорот прв рок до 15.11.2009, следен рок 30.04.2010 година, следен рок 30.06.2010 година; следен рок до 15.07.2010 година; следен рок до 31.08.2010 година; до 15.09.2010 година.

Булевар е изведен 62,68%, односно истиот е изведен околу 1,31 км наместо предвидените 1,86 км. Ова е од причина што проектната документација предвидувала дислоцирање на високо притисниот гасовод лоциран на тоа место. Дури во текот на изведбата по барање на Дирекцијата за дислоцирање на гасоводот, правното лице/сопственик на гасоводот доставил понуда за која Дирекцијата има утврдено дека е неповолна односно премногу скапа и дека во тој момент не е потребно да се изведува. Поради тоа, во согласност со одредбата во договорот за намалување на обемот на работите, на изведувачот му е наложено да ги изведе работите до местото на пресекување на булеваротот и гасоводот.

Вкупната вредност на изведените работи изнесува 77.629 илјади денари од кои на изведувачот му се исплатени 74.339 илјади денари и задржан е депозит во висина од 3.289 илјади денари на име на гаранција во гарантен период.

На изведувачот согласно Договорот во декември 2009 година и јануари 2010 година исплатено му е аванс од 20% од вкупната вредност од договорот во износ од 27.622 илјади денари. Меѓутоа, со намалување на обемот на работите има неискористен аванс во висина од 12.430 илјади, кој изведувачот го има вратено, на ден 14.01.2013 година.

Горенаведеното не е во согласност со Законот за јавни набавки во делот – Правила за изработка на тендерската документација, од член 32 до 40, што резултира со не добро и не прецизно планирање на потребите за набавка на работи, поради што нецелосно се извршени обврските предвидени со договорот, 63%, а исплатен е аванс на првично утврдената вредност на договорот.

4.3.3. Со Договор бр. 02-1075/47 од 18.12.2009 година превидено е Изведба на главна водоводна и канализациона мрежа со придружни објекти во ТИРЗ Скопје 2. Вредноста на договорот е 23.434 илјади денари, која обврска во 2012 година изнесува 7.173 илјади денари.

Со проектанта документација исто така било предвидено дислокација на високо притисниот гасовод и изградба на главна водоводна и канализациона мрежа со придружни објекти врз чија основа е изготвено техничкото решение и проценетата вредност, како и е склучен договор за изведба чија понуда е избрана за најповолна.

Во врска со реализација на договорот, врз основа на доставените времени ситуации и Предмер пресметка како и приложениот преглед на Завршната ситуација може да се констатира дека фекалната мрежа не е изведена, водоводната мрежа е изведена 78%, а градежните работи за инфраструктурана мрежа се изведени 62%.

Неизвршувањето на договорените активности е исто така поради фактот што на тој потег/ предвидената траса се сече високо притисен гасовод за кој е потребно претходно негово дислоцирање.
Поради не изведеното дислоцирање на гасоводот, и во овој случај е извршено намалување на обемот на работите, а на изведувачот му е наложено да ги изведе до 61% од договорената вредност на договорот и вкупната вредност на изведените работи изнесува 14.216 илјади.
Констатираните состојби упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки во делот на изработката на тендерската документација, член 32-40, и имаат за ефект нецелосна реализација на склучениот договор.

4.3.4. Со Договор бр. 02-1273/21 од 30.11.2009 година предвидена е изведба на бунари со попратни објекти и комплетна инфраструктура во Бунарџик Скопје. Вредноста на договорот изнесува 101.472 илјади денари. Исплатен аванс на 04.12.2009 година во износ од 20.294 илјади денари. Реализацијата на договорот во 2012 година изнесува 5.562 илјади денари.

Работите кои се предмет на овој договор треба да бидат извршени и комплетирани, технички предадени и формално примени од нарачувачот најдоцна до 01.12.2010 година. До крајот на 2010 година не е отпочнато со никакви градежни работи на овој објект.
Со склучување на Анекс кон основниот договор од 03.09.2010 година рокот за извршување на работите е продолжен на 31.12.2012 година.

Согласно основниот проект и Предмер пресметката за бунарско подрачје, планирани се изградба на 6 бунари за ТИРЗ Скопје 1 и Скопје 2, кога и двете зони би биле комплетно пополнети со корисници.
Во тендерската документација се предвидуваат 3 бунари кои согласно моменталната состојба сосема можат да одговорот на потребите на корисниците на двете зони односно тендерската документација била прилагодувана од 6 бунари на 3 бунари.
Вредноста на реализацијата на работите од договорот кои се целосно завршени до декември 2012 година изнесува 67.092 илјади денари, а неискористен аванс во износ од 6.045 илјади денари е вратен во јануари 2013 година.
Горенаведените состојби не се во согласност со барањата на Законот за јавни набавки , проценувањето на вредноста на договорот за јавна набавка,член 27 и изработката на тендерската документација, член 32-40, и имаат за ефект повисок износ на исплата на авансни средства односно поголемо авансно финансирање на изградбата.

**Препорака**

Дирекцијата при планирање за изградба на потребната инфраструктура во Технолошко индустриско развојните зони да ги зема во предвид сите околности при изработката на тендерската документација со цел реално планирање на средствата за изградба.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2., 4.3. и 4.4. погоре кои се однесуваат на утврдени состојби за неизвршен попис на средствата и изворите на средствата, и неправилностите утврдени при спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки, состојби кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, сметка на основен буџет - 603, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.2. Билансот на состојба не ја претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на ден 31.12.2012 година, а освен за изнесеното во точката 4.3., Билансот на приходи и расходи - резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е прикажан вистинито и објективно, во сите материјални аспекти.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 4.2, и 4.3 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Дирекцијата – сметка на основен буџет - 603, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

### Прифатени и коригирани неправилности во билансот на состојба од страна на Дирекцијата во текот на ревизијата

Во фазата на извршување на ревизијата, по укажување од страна на ревизорскиот тим, Дирекцијата спроведе корекции во деловните книги, кои имаат за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во билансот на состојба на 31.12.2012 година за 18.962 илјади денари. Исправките се спроведени со следните налози за книжење бр. 01-1 од 13.08.2013 година и бр. 01-2 од 14.08.2013 година и се однесуваат на следните позиции:

- 020 - Градежни објекти, на која е извршено евидентирање на ограда и патека за контрола и сервисирсње на ограда во ТИРЗ Скопје 1 како и намалување на инвестицијата во тек на износ од 45.478 илјади денари за која Дирекцијата има направено Технички прием и има добиено употребна дозовола;

- 021-Деловни објекти, на која е извршено евидентирање на административна зграда во Бунарџик со пропратни објекти и намалување на инвестицијата во тек на износ од 73.161 илјади денари за која Дирекцијата поседува и имотен лист;

- 022- Опрема, на која е евидентиран патничко возило добиено врз основа на решение за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Дирекцијата без надомест во износ од 126 илјади денари;

- 030-Материјални средства во подготовка, на која се евидентирани инвестициите во тек за неевидентирани времени ситуации за проекти кои се реализираат преку Дирекцијата извршена евинденција во вкупен износ од 15.056 илјади денари.

- 130 – Дадени аванси, евидентирани уплатени средства по авансна фактура од 21.11.2011 година, за изведување на приклучок за улично осветлување на електродистрибутивниот систем на локација индустриска Зона Бунарџик во износ од 3.780 илјади денари.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Ревизијата има обврска да ги обелодени судските и други спорови кои можат да имаат позначајно влијание на финансиските извештаи во иднина и тоа:

- Дирекцијата е тужена страна во износ од 508 илјади денари од страна на правното лице по основ на неплатена фактура за осветлување на објект во Бунарџик. Судот со решение од февруари 2012 година го отфрлил како ненавремен предлогот на тужителот за враќање во поранешна состојба. Тужителот има поднесено жалба но до денот на ревизијата Дирекцијата нема добиено одлука од Апелациониот Суд.

- Дирекцијата е тужена страна во износ од 22.861 илјади денари од страна на правното лице по основ на долг за неплатен дел од ситуација за градежни работи. Во септември 2012 година донесена е Пресуда со која приговорот на Дирекцијата се усвојува а од страна на тужениот вложена е жалба за која до денот на ревизијата не е добиено одлука од Апелациониот суд Скопје.

- Дирекцијата се јавува како втора тужена страна покрај Република Македонија, застапувана од Државниот правобранител на РМ за подрачје на Основен Суд Тетово, во износ од 120.000 илјади денари по тужба од правното лице од Тетово по основ на надомест на штета по одземање на правото на користење на недвижниот имот - овошен насад. Против првостепената пресуда со која се одбива тужбеното барање вложена е жалба од тужителот, а Дирекцијата преку Државно Правобранителство на РМ има вложено Одговор на жалба. До денот на ревизијата Дирекцијата нема сознанија дали од страна на Апелациониот Суд Гостивар е донесена одлука.

- Дирекцијата се јавува како тужена страна од страна на акционерско друштво со седиште во н.Илинден Скопје, по основ надомест на штета во износ од 16.000 илјади денари. Предметот се однесува за одземено право на користење на земјоделско земјиште дадено под долгорочен закуп со површина од вкупно 499.168 м2 во Бунарџик во корист на РМ, со цел основање на ТИРЗ Скопје 2. Кај овој предмет Дирекцијата ја застапува Државниот Правобранител.

- Во судски предмет Дирекцијата се јавува како тужена страна од страна на правно лице по основ на наплата на парично побарување за износ од 13.741 илјади денари.

- Исто така потребно е да се обелодени дека во судски предмет, тужител е Владата на РМ, по основ надомест на штета во износ од 5.049 илјади евра а како тужена странка се јавува правно лице од странство кое не постапило согласно склучениот договор за инвестирање во слободната економска зона во Бунарџик, поради што Република Македонија трпи штета.

- Во текот на 2012 од правно лице од Кичево предвидена е можност за исплата на парично побарување за надомест на штета врз основа за раскинат договор за закуп во износ од 1.104 илјада денари кои се побаруваат од Дирекцијата. Во мај 2013 година правното лице од Кичево доставило до Дирекцијата барање за обештетување на објект на или отстапување на градежно изградено земјиште и со копија до Државниот правобранител за подрачје Кичево со цел да го известат кој ќе го плати надоместокот и во која постапка. До денот на ревизијата предметот за надомест на штета сеуште не е решен бидејќи управната постапка за имотно правни работи е во тек.

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

**Сметка на основен буџет (603)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 326,546 | 333,644 |
| **Вкупно приходи** | | **326,546** | **333,644** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 18,185 | 17,199 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 7,614 | 8,528 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **25,799** | **25,727** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 300,747 | 307,917 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **300,747** | **307,917** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **326,546** | **333,644** |

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

**Сметка на основен буџет (603)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 8,720 | 8,362 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 71 | 83 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 39,972 | 3,501 |
| **Вкупно тековни средства** | | **48,763** | **11,946** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 208,816 | 202,849 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 459,570 | 340,381 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 1,372,283 | 1,178,211 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,040,669** | **1,721,441** |
| **Вкупна актива** | | **2,089,432** | **1,733,387** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 38,267 | 2,124 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1,705 | 1,368 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 8,791 | 8,445 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **48,763** | **11,946** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 2,040,669 | 1,721,441 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,040,669** | **1,721,441** |
| **Вкупна пасива** | | **2,089,432** | **1,733,387** |

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **1,721,441** | - | **1,721,441** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **341,464** | **180** | **341,644** |
| Набавки | 7,215 | 180 | **7,395** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 297,655 | | **297,655** |
| Ревалоризација на капитални средства | 21,412 | | **21,412** |
| Евиднетирање од стрна на ревизијата | 15,182 | | |
| **Намалување по основ на:** | **22,236** | **180** | **22,416** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 17,925 | | **17,925** |
| Ревалоризација | 4,311 | | |
| Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар | | 180 | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **2,040,669** | - | **2,040,669** |

Република Македонија
**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

[redacted]

Број: 03-189/7
Датум: 30.10.2013

DTIDZ
REPUBLIC OF MACEDONIA

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

Бул.Партизански одреди бр.2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3111 166
Факс. (02) 3111 177
Е-пошта: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Ул. Македонија 12/3**
**100 Скопје**

**Дата: 29.10.2013**

**Ваш арх. бр. 18-228/5 од 30.09.2013 година**
**Наш арх. бр. 03-189/4 од 01.10.2013 година**

**Предмет: Известување по однос на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност - сметка на основен буџет 603**

Почитувани,

Во врска со дописот Ваш арх. бр. 18-228/5 од 30.09.2013 год. со кој е доставен 1 (еден) примерок од Нацрт извештајот и Менаџерскиот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2012 година укажуваме дека Извештајот треба да даде реална слика за работењето на Дирекцијата за 2012 година која е предмет на ревизија. Исто така нагласуваме дека пристапот на утврдување на фактите по сите основи и аспекти од работењето на Дирекцијата треба да биде ист. Многу мислења и забелешки се однесуваат на минати години кои не се предмет на Ваша ревизија. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Ве известува за следното:

1. **По однос на точка 4.2 Усогласеност со закони и прописи** укажуваме дека согласно чл. 19 од Законот за ТИРЗ членовите на управниот одбор ги именува Владата на Р. Македонија. Со последните измени и дополнувања на Законот за ТИРЗ во октомври 2012 год. ("Сл. Весник на РМ" бр. 127/12) направени се измени во членот 19 од Законот кој се однесува на составот на членовите на Управниот одбор. Дирекцијата не беше во можност да ги имплементира овие измени од причина што Владата на РМ немаше именувано членови на Управен одбор согласно измените на Законот. Сметаме дека Дирекцијата немаше никакви ингиренции и можност за било каква интервенција во поглед на усогласувањето со најновите измени во Законот за ТИРЗ по однос на ова прашање. Сепак Дирекцијата

има доставено Допис бр. 02-1098/1 од 18.10.2012 год. (даден во прилог) до Владата на РМ со кој ја известува Владата за промените во Законот за ТИРЗ во поглед на Управниот одбор. Воедно Ве известуваме дека со Решение за разрешување и именување на членови на Управен одбор на Дирекцијата за ТИРЗ бр.23-7232/1 од 01.10.2013 год., Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на Дирекцијата за ТИРЗ бр. 23-7360/2 од 08.10.2013 год. и Решение бр. 23-7232/2 од 22.10.2013 год. донесени од страна на Влада на Р. Македонија (дадени во прилог) е извршено усогласување на составот на Управниот одбор согласно последните измени и дополнувања на Законот за ТИРЗ. Согласно горенаведеното, сметаме дека оваа забелешка треба да изостане од Извештајот со оглед на фактот што назначувањето на членовите на Управниот одбор не е во надлежност на Дирекцијата.

**2. По однос на точка 4.3 Финансиски извештаи,** подточка 4.3.1, алинеја 1 Ве известуваме дека извршено е сметководствено евидентирање на земјиштето за ТИРЗ Штип и ТИРЗ Ранковце на контото 03. Со оглед на фактот што сеуште се изведуваат градежни работи за изградба на надворешна инфраструктура се очекува да има уште расходи за експропријација во врска со земјиштето во овие зони со што вредноста на земјиштето значително би се променила. Од друга страна, согласно Законот за градежно земјиште, Законот за ТИРЗ и Имотен лист бр. 1067, Имотен лист бр. 1138 и Имотен лист бр.204 (дадени во прилог) Дирекцијата за ТИРЗ управува со земјиштето и тоа на определено време и не може да биде сопственик на земјиштето. Од овие причини Ве замолуваме да посочите врз основа на кој закон градежното земјиште за кое поседуваме имотен лист со право на управување сметководствено да го евидентираме на 01 – како сопственост на ДТИРЗ како би постапиле по Вашата препорака.

Подточка 4.3.1 алинеја 2 појаснуваме дека согласно член 11 од Законот за ТИРЗ зона се основа на земјиште во сопственост на Република Македонија. Тоа значи за да се донесе одлука за основање на ТИРЗ треба земјиштето да е целосно во сопственост на РМ. Конкретно за ТИРЗ Радовиш не е донесена сеуште одлука за основање на зоната, бидејќи сеуште не се решени целосно имотно правните односи со сопствениците на земјиште каде е предвидена изградба на зоната. Со цел да се решат имотно правните односи треба да се спроведе постапка за експропријација, за што е потребно користење на средства.

Имено, согласно член 26 од Законот за експропријација кон предлогот за експропријација меѓу останатите документи треба да се достави и геодетски елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријација, а согласно член 37 пазарната вредност на експроприраните недвижности и на недвижностите што се даваат како

надоместок, ја утврдува овластен проценувач согласно со Законот за процена. Со оглед на фактот што пред да се основа зона се прават подготвителни работи (погоре наведени) мора овие издатоци за соодветната зона да бидат сметководствено евидентирани.

Подточка 4.3.1 алинеја 3 каде стои дека не е извршена ревалозирација на евидентираното земјиште уште еднаш напоменуваме дека Дирекцијата не е сопственик на земјиштето. Истото е дадено со право на управување на **определен период**. Сметаме дека доколку се изврши ревалоризација на земјиштето истата не би имала суштинско влијание врз целокупниот биланс на состојба.

Во врска со евиденцијата на дадени аванси подточка 4.3.1 алинеја 4 укажуваме дека тоа се аванси кои се однесуваат на периодот 2008 до 2010 година кои се вратени заклучно со 2013 година до денот на ревизијата. Значи препораката на ревизијата веќе била исполнета. Воедно укажуваме дека **предмет на ревизија е финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година.** Во 2012 година од Ваша страна не се констатирани сметководствено неевидентирани аванси, односно сите аванси исплатени од страна на Дирекцијата во 2012 год. се соодветно сметководствено евидентирани. Согласно горенаведеното предлагаме/ бараме оваа забелешка да се исклучи од Извештајот.

Подточка 4.3.1 алинеја 6 каде е наведено "*Инвеститорот, Дирекцијата, нема побарано завршна ситуација и нема направено технички прием на повеќе објекти согласно Законот за градење, за кои има спроведено само интерен технички прием, од причина што нема можност за обезбедување на објектите, а согласно договорот до доставување на завршна ситуација е на изведувачот, а по нејзино доставување тече гарантниот период за конкретниот објект* " напоменуваме дека Дирекцијата за ТИРЗ за посоодветна ја предлага следната формулација:
"Инвеститорот, Дирекцијата нема **добиено** завршни ситуации и нема направено технички прием на повеќе објекти, согласно Законот за градење, за кои има спроведено само интерен технички преглед"
Образложение:
Дирекцијата за ТИРЗ не се согласува со наведеното во првиот дел на констатацијата "Инвеститорот, Дирекцијата, нема побарано завршна ситуација" , од причина што согласно Договорите за градба, ДТИРЗ како Инвеститор, не бара ниту времени ниту завршни ситуации. Имено, согласно член 38.1 од Општите Услови на Договорот (ОУД), составен дел на Договорите за градба, времена ситуација доставува Изведувачот, поточно "Изведувачот поднесува на Надзорниот Орган времена ситуација со соодветни прилози, потпишани од страна на Изведувачот, која што ја

покажува сумата на која Изведувачот смета дека има право.“ Согласно член 38.10 од ОУД Изведувачот доставува (завршна) конечна ситуација, односно “ не подоцна од 14 дена од денот на комплетно предавање на работите со технички прием, Изведувачот ќе му поднесе на Надзорниот орган на разгледување конечна (завршна) ситуација придружена со соодветна документација“. Значи примопредавањето на објектите, односно превземањето на објектите од Изведувачот се прави после извршен технички прием, а согласно Договорите за градба кои што Инвеститорот, Дирекцијата за ТИРЗ, ги има потпишано со Изведувачите, гарантниот период за секој објект почнува да тече по добивање на Употребна дозвола.

Во врска со наведеното *“ нема направено технички прием на повеќе завршени објекти согласно Законот за градење “* ДТИРЗ сака да истакне дека техничкиот прием согласно Законот за градење беше пролонгиран поради појавата на грешки во членот 87 став 2 каде стои”... одобрението за употреба за градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон го издава надлежниот орган од членот 58...”, а во членот 58 стои ”... постапката за издавање на одобрение за градење за ТИРЗ формирана од Владата на Р. Македонија и од правни лица и градбите во овие зони ја спроведува Дирекцијата за ТИРЗ ...” ; во измените на законот за градење (Сл. Весник на РМ број 144 од 15.11.2012година), како и поради појава на проблеми од имотно правен карактер, односно враќање на земјиште по пат на денационализација. Исто така истакнуваме дека извршен е технички прием на повеќе градежни објекти (дадено во прилог). За останатите постапката е во тек и се очекува да се заврши во најкраток рок.

2. По однос на подточката 4.3.2, алинеја 1 по однос на констатацијата дека *“пописната комисија нема извршено внесување на сметководствената вредност на материјалните средства во пописните листи, нема извршено броење на количините на средствата, нема констатирани разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, ниту е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба”* дека треба да се нагласи дека секоја година се врши годишен попис со пополнување на соодветни пописни листи. Во прилог на пописот стои Список на основни средства, Пресметка на амортизација, Пресметка на ревалоризација, Список на основни средства по спроведена ревалоризација и тоа посебен список за Опрема, список за Објекти и Список за земјишта (дадени во прилог). Оттука сметаме дека оваа формулација е малку престрога од причина што и покрај тоа што евиденцијата на основните средства не се води преку специјален програм – софтвер за основни средства сепак во Дирекцијата извршено е внесување на сметководствената вредност на материјалните средства во пописните листи, извршено е броење на количините на средствата, нема

констатирани разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба (бидејќи такви разлики не се установени), и извршено е усогласување на фактичката со сметководствената состојба. Во моментот е започната процедура за доделување на договор за јавна набавка за надградба на софтвер –модул основни средства која очекуваме да заврши најкасно до 01.11.2013 год.

**4. По однос на точка 4.4 Користење на средствата согласно законските прописи,** подточка 4.4.1 која се однесува на договорот бр.02-13/37 од 25.03.2009 година за изградба на канали за одведување на прочистени води на ТИРЗ Скопје 1, ДЗР утврдува дека поради нецелосна и непрецизна документација е склучен Анекс кон основниот договор за дополнителни 30% како и дека има изведба на нови непредвидени работи во висина од 35% што не е во согласност со членот 99 став 2 од ЗЈН. Вака формулирано се добива впечаток дека Дирекцијата за ТИРЗ извела дополнителни работи за 65% повеќе од средствата на основниот договор, што не соодвејствува на фактичката состојба.
Точно е утврдено дека поради недостатоци во проектната документација е склучен Анекс на основниот договор за дополнителни 30% кои не биле предвидени, во согласност со ЗЈН. Меѓутоа, би сакале да укажеме дека другите 35% не претставуваат дополнителни работи на основниот договор и анексот туку станува збор за **изменети позиции** од основниот договор. Една од причините која довела до ова е спомената во извештајот на ДЗР и воопшто не можела да се предвиди. Имено, додека се врши ревизија и препроектирање на проектот, утврдено е дека на делот од предвидената траса е формирана депонија од страна на изведувачот на градежните работи на блискиот аеродром Александар Велики Скопје. Поради тоа, место пробивање на депонијата, како поекономично решение е одлучено да дојде до измена на таа делница од трасата, што пак допринесе да се измени дел од првичното техничко решение и дел од работите предвидени со основниот договор да се изменат. За овие изменети работи, иако се водат како непредвидени работи, превидени се средствата од позициите од основниот договор. Гледајќи од финансиски аспект сметаме дека не е прекршен членот 99 од ЗЈН бидејќи изведените работи не се надвор од средствата предвидени со основниот договор и анексот за дополнителни 30%. Воедно укажуваме дека **предмет на ревизија е финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година.** Во 2012 година од Ваша страна не се констатирани никакви забелешки во однос на изработката на тендерската документација при планирање и изградба на потребната инфраструктура во ТИР Зоните во Р. Македонија. Согласно горенаведеното, предлагаме да се напомене дека станува збор за поединечни случаи од минати години (тоа во делот на прашања за неизвесности континуитет), кои не се предмет на ревизија и дека во 2012

година Дирекцијата за ТИРЗ не направила никакви пропусти и недоследности при спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки. Од причини погоренаведени, сметаме дека во Делот **Резиме** став 5 алинеја 5 забелешката дека " *Кај реализцијата на неколку договори за изградба на инфраструктурни објекти во ТИРЗ констатиравме недоследно и нецелосно почитување на Законот за јавни набавки*" бараме да биде изземена од Извештајот. Повторно напоменуваме дека мислењето и забелешката не се однесува на договори склучени во 2012 год. која година е предмет на Ваша ревизија.

5. Во делот Ревизорско мислење каде се дава мислење за финансиските извештаи стои *"Билансот на приходи и расходи – резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е прикажан вистинито и објективно во сите материјални аспекти. "*
Од друга страна пак, за истиот во делот **Резиме** е дадено мислење со резерва, а изготвен е согласно сметководственото начело на парично искажување (согласно чл. 18 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници) што е потврдено од страна на Ревизијата во делот на применети сметководствени политики. Согласно досега наведеното, сметаме дека даденото мислење со резерва во поглед на Билансот на приходи и расходи не е соодветно на реалното работење на Дирекцијата за ТИРЗ.

**6. Во врска со точка 6 Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет,** подточка 6.1 алинеја 1 каде стои *„Склучен е Договор за изведба на булевар и долен строј и дел од атмосферска канализација во ТИРЗ Прилеп, со вредност од 17.372 илјади денари. Во исто време склучен е Договор за вршење на стручен, технички, квантитативен и квалитативен надзор за изведбата на споменатиот булевар и долен строј и дел од атмосферска канализација во ТИРЗ Прилеп со вкупна вредност од 1.174 илјади денари.* ***Утврдената вредност за надзорот е 10% од вредноста на договорот за изведба.***"

Напоменуваме дека прикажаната вредност од 10% за наведениот пример потребно е да се корегира и да се прикаже: **„Утвредената вредност на надзорот е 6,7% од вредноста на договорот за изведба".**

Согласно наведениот коментар – сметаме дека ревизорската забелешката за ТИРЗ Прилеп дека „ **Утврдената вредност за надзорот е 10% од вредноста на договорот за изведба** " во овој случај е несоодветна и предлагаме/бараме забелешката за ТИРЗ Прилеп да се исклучи од Извештајот.

**Б. Коментар за ТИРЗ Гевгелија**

Направената споредбена анализа помеѓу Договор за надзор во ТИРЗ Гевгелија со кој се контролира **еден договор за изведба** и друг Договор за надзор во ТИРЗ Штип каде опфаќа стручен, технички, квантитативен и квалитативен надзор над **седум договори за изведба** сметаме дека е несоодветна од три причини:

1. Кога станува збор за Договор за градење (изградба) каде износот на договорот е релативно поголем – во тој случај процентот за Надзорен орган е релативно помал (2-4 %). Кога имаме Договор за градење каде износот е релативно помал - во тој случај процентот за Надзорен орган е релативно поголем (5-9 %). За да го илустрираме овој пример, би напомenale дека доколку имаме потреба за изградба на мал објект/градежен зафат (Договор за градење каде износот е релативно помал) во износ од 600.000 денари (без ДДВ) за градба која би траела еден месец – доколку се ориентираме по тоа да износот за Надзорен орган потребно е да биде 2% од износот за градење – во тој случај потребно е да се одвои 12.000 денари за Надзорен орган. Доколку Надзорниот орган потребно е да обезбеди минимум две лица (главен надзор и геометар) во тој случај ниту една компанија со е-Аукција нема да ја спушти центата до нашата проценета вредност, односно јавната набавка ќе треба да се поништи.

2. Кога станува збор за еден Надзорен орган кој треба да врши надзор на повеќе Договори за изградба (како во случајов за ТИРЗ Штип – на 7 договори), секогаш процентот на вредност на договорот за надзор е помал (~2%) од причина што исти вработени стручни лица (надзори) по различни фази се ангажирани на сите 7 проекти.

3. За извршување на стручен, технички, квалитативен и квантитативен надзор на ТИРЗ Гевгелија ангажирани се 4 стручни лица од страна на надзорен орган (согласно критериумите од тендерската документација и тоа: Главен надзор, Помошник надзор за хидротехнички работи, Геометар и технички лаборант за материјали, односно сите фази при градба се покриени од минимален број на соодветни стручни лица.

Во наведениот пример за избор на Надзорен орган за ТИРЗ Гевгелија за јавната набавка, односно на е-Аукција за набавка на Избор на надзорен

орган, учествуваа 4 фирми кои ги исполнуваат критериумите наведени во тендерската документација.
Тоа значи дека критериумите дадени во тендерската документација е изготвена со цел да се јават повеќе компании и на е-Аукција да постигнат што е можно пониска цена.
Во секој случај, најдобар показател за пазарна вреност е конечната вредност по извршена електронска аукција, а наведениот случај за ТИРЗ Гевгелија покажува дека во услови на лојална конкуренција помеѓу повеќе компании пазарната вредност е под проценетата вредност, во рамки на претходно коментираното.
Дирекцијата за ТИРЗ ги запазува постулатите за користење на буџетските средства, односно активностите се движат во насока на рационално и економично искористување на средствата за изградба.

Во точка 6.2. која се однесува на судските и други спорови кои можат да имаат позначајно влијание на финансиските извештаи Ве известуваме за следното:

- Во алинеја 2 по однос на судски предмет со вредност од 22.861.302,00 денари каде Дирекцијата за ТИРЗ е тужена донесена е пресуда во корист на тужителот. По однос на пресудата вложена е жалба од страна на Дирекцијата за ТИРЗ.
- Во алинеја 3 по однос на судски предмет со вредност од 120.000, 00 денари каде Дирекцијата за ТИРЗ е тужена по основ надомест на штета по одземање на правото на користење на недвижен имот-овошен насад , Апелационит суд има одлучено во корист на тужениот. Туѓителот има доставено ревизија до Врховен суд. Дирекцијата за ТИРЗ има поднесено одговор на ревизија.
- Во алинеја 4 по однос на судски предмет со вредност од 13.741 , 00 денари каде Дирекцијата за ТИРЗ е тужена , истиот е завршен во корист на тужениот.
- Во алинеја 5 по однос на судски предмет со вредност од 16.000, 00 денари каде Дирекцијата за ТИРЗ е тужена , донесена е првостепена пресуда во корист на тужителот. Поднесена е жалба од страна на Дирекцијата и предметот е во Апелационен суд. Во прилог Ви ги доставуваме пресудите .

7. Во делот Образложенија кон финансиските извештаи во точка 1.4 Раководење и управување е цитиран стар член од Законот за ТИРЗ по однос на Управниот одбор.

Врз основа на горенаведеното, сметаме дека во делот Резиме став 4 каде *"изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, мислење со резерва за Билансот на приходи и расходи и за усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година"* ваквите формулации не го прикажуваат работењето на Дирекцијата за ТИРЗ на реален, објективен и вистинит начин и даваат нереална претстава за фактичката состојба на работењето на Дирекцијата. Ова е од причина што најголем дел од работите за кои постојат забелешки се извршуваат на начин различен од препораките на ревизијата и се однесуваат за минати години кои не се предмет на ревизија, а кои во моментот на ревизијата веќе се усогласени.

Затоа предлагаме да се употреби соодветна терминологија која ќе биде адекватна и ќе даде реална и вистинска слика за работењето на Дирекцијата. Воедно уште еднаш напоменуваме дека треба да се запази годината предмет на ревизијата "**Финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година**" и најголем дел од забелешките да се однесуваат на работењето во 2012 година.

Со почит,

Директор,
Виктор Мизо

**Прилог:**

- Решение за разрешување и именување на членови на Управен одбор на Дирекцијата за ТИРЗ бр.23-7232/1 од 01.10.2013 год.
- Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на Дирекцијата за ТИРЗ бр.23-7360/2 од 08.10.2013 год.
- Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на Дирекцијата за ТИРЗ бр.23-7232/2 од 22.10.2013 год.
- Барање бр. 02-1098/1 од 18.10.2012 год.
- Имотен лист бр. 1067, Имотен лист бр. 1138 и Имотен лист бр.204
- Пописни листи бр. 01-1447 од 31.12.2012 год.
- Сметководствени картици за ТИРЗ Ранковце и ТИРЗ Штип
- Одобрение за употреба бр.20 УП-397/11 од 03.10.2013 год.
- Изјава за порамнување бр. 05-995/4 од 18.07.2013 год.
- Завршна ситуација бр. 05-995/2 од 18.07.2013 год.
- Известување бр. 03-197 од 05.02.2013 год.
- Записник по забелешки од извршен интерен технички преглед
- Записник од извршен интерен технички преглед бр. 07-446/3 од 16.10.2013 год.
- Записник од извршен интерен технички преглед бр. 07-1352/1 од 31.10.2013 год.
- Барање за измени во текот на изградбата во ТИРЗ Штип бр. 07-1350/1 и 07-1351/1 од 31.10.2013 год.

**Прилог: број 3**

**Одговор**

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 30.10.2013 година, достави забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (Дирекцијата) за Сметка на основен буџет – 603, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-228/3 од 07.11.2013.
Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **точката 4.2**. која се однесува на изборот на претседател и потпретседател на Управниот одбор на Дирекцијата, **се прифаќа.** Со доставените забелешки, Дирекцијата достави докази за извршено усогласување на составот на Управниот одбор во согласност со последните измени на Законот за ТИРЗ, („Службен весник на РМ„ бр. 14/2007, 103/2008, 139/2009, 156/2010 и 127/2012 ), поради што истиот ќе биде изземен од Конечниот извештај.

2. За упатените забелешки на **точката 4.3.1.** кои се однесуваат на неизвршено сметководствено евидентирање на постојаните средства овластениот државен ревизор се произнесе како што следува и тоа:

   - Забелешката односно образложениието дадено од субјектот на **алинеја 1** која се однесува на сметководственото не евидентирање на земјиштето **се прифаќа** и истата ќе биде изземена од Конечниот извештај.

   - Упатената забелешка на **алинеја 2** кои се однесува на воведена евиденција на земјиштето ТИРЗ Радовиш **не се прифаќа**. Во забелешките субјектот ги објаснува причините за утврдените недоследности кои ревизијата ги имаше во предвид и во периодот на вршењето на ревизијата, а притоа не се доставени дополнителни докази со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојба од ревизијата. Како што е и наведено во даденото известување сеуште не е донесена Одлука за основање на ТИРЗ Радовиш од причина што постапката е во фаза на

експропријација на земјиштето и не се поседува имотен лист, а согласно тоа и се нема основ за негова евиденција.

- Упатените забелешки на **алинеја 3** кои се однесуваат на неизвршена ревалоризација на веќе сметководствено евидентираното земјиштето **не се прифаќаат** од причина што овие одредби се прецизирани во член 28 став 6 од Правилникот за сметководството за буџети и буџетските корисници.

- Упатената забелешка на **алинеја 4** кој се однесува на сметководствено не евидентирани дадени аванси за материјални средства за периодот 2008 до 2010 година **се прифаќа** од причини што во 2013 целиот износ од неискористени аванси е вратен, поради што наодот и препораката ќе бидат иземени од Конечниот извештај.

- Забелешката на **алинеја 6** кој се однесува на тоа што Дирекцијата нема добиено завршни градежни ситуации и нема направено технички прием на повеќе завршени објекти за кои има спроведено само интерен технички прием преставува **известување** за причините за утврдените состојби. Дирекцијата во прилог на забелешките има доставено документација за преземање на активности за постапување по дадените препорака.

3. Во врска со наодот од точката **4.3.2. алинеја 1** кој се однесува на констатираните неправилности на извршениот попис **не се прифаќа**. Оваа констатација е поткрепена и со фактот дека во текот на ревизијата, беа утврдени поголем број неевидентирани или несоодветно евидентирани постојани средства во Билансот на Состојба, и истите по укажување на ревизијата беа евидентирани со спроведени корекции во деловните книги на Дирекцијата. Согласно тоа ако пописот е спроведен во согласност со Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници сите овие неправилности ќе биле констатирани од страна на пописната комисија, со што би се извршило целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4. Упатената забелешка на **точката 4.4.1.** кој се однесува на договорот бр. 02-13/37 од 25.03.2009 година за изградба на канали за одводнување на

прочистени води на ТИРЗ Скопје 1, **не се прифаќаат**, од причина што субјектот ги објаснува причините за утврдените недоследности кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата, истите имаат реализација и во 2012 година, а притоа не се доставени дополнителни докази со кои ќе ги оспорат или изменат утврдените состојби.

5. Упатените забелешки на **точката 6.1.** поместена во поглавјето нагласување на прашања за неизвесност и континуитет **се прифаќаат** односно субјектот достави дополнителни образложенија и објаснувања поради што истите ќе бидат изземени од Конечниот извештај.

6. Дадените забелешки на **точката 6.2.** која се однесува на судските и други спорови кои можат да имаат позначајно влијание на финансиските извештаи **претставуваат известување** за статусот на судските постапки на Дирекцијата.

7. Упатените забелешки на текстот од образложенијата кои се однесуваат на користењето на стариот закон во врска со надлежностите на Управниот одбор **се прифаќаат** и истите ќе бидат корегирани во образложенијата кон Конечниот извештај.

8. На упатената забелешка на делот од поглавјето Ревизорско мислење, **точка 5** , а која се однесува на ревизорското мислење како и на соодветниот дел од резимето дадени во точка 7 од приговорот на субјектот, ревизијата не се произнесува од причини што согласно ревизорската методологија претствуваат евалуација односно резултат од констатираните состојби во извештајот кои соодветно се пресликуваат и во резимето на извештајот.

| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
|---|---|
| 1. ______________________ | |
| 2.______________________ | ____________________________ |
| 3.______________________ | |
| 4.______________________ | |

**Прилог бр.1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр.1103-679/7 од 25.12.2006 година за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11.1 | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.1.1. | Во донесувањето на општите и други акти на Дирекцијата ревизијата ги констатира следните неправилности во формално - правна смисла:<br>- Управниот одбор на Дирекцијата во рамките на своите надлежности не изготвил Годишна Програма и финансиски план за работа за | Управниот одбор на Дирекцијата да предложи Годишна Програма и финансиски план за работа на Дирекцијата за наредната година и во целост да ги почитува одредбите од Законот за слободни економски зони и Статутот на Дирекцијата со | **Препораката е спроведена** | Управниот Одбор на Дирекцијата за ТИРЗ со Одлука бр.01–719/1 од 15.12.2011 година ја усвои Годишната програма со финасиски план бр. 01–719/2 на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2012 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2005 година кои согласно Статутот, на предлог на Управниот одбор ги донесува Владата на Република Македонија кои претставуваат основ за планирање и реализирање на активностите на Дирекцијата. Не донесувањето на Годишна програма и финансиски план создаваат услови за не организирано спроведување на функцијата на Дирекцијата некординирано и непланско работење.<br>- Месечниот паушал за претседателот и членовите на Управниот одбор е предвиден како право со Статутот на Дирекцијата кој е донесен во август 2003 година, но надоместокот е исплатуван и пред да се регулира основот за исплата, што има за ефект неосновано исплатени средства | кои се уредува нивната надлежност во донесувањето на општите и други акти на Дирекцијата. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | до донесувањето на Статутот. Во 2005 година по основ на надоместок за членовите на Управниот одбор се исплатени 516 илјади денари.<br>- Согласно Статутот на Дирекцијата директорот има надлежност да организира и обезбеди подготвување на нацртите и предлозите на општите акти кои ги донесува Управниот одбор на Дирекцијата. Спротивно на пропишаното, Правилникот за организација и работа на Дирекцијата, од март 2003 година и Правилникот за систематизација на работите и задачите - пречистен текст од септември 2003 година, наместо Управниот одбор ги донел директорот, а Управниот одбор дал согласност за нивно донесување со тоа што покрај директорот, актите ги | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | потпишал и претседателот на Управниот одбор. Ваквиот начин на подготвување и донесување на акти создава услови за нивно различно толкување и можни последици во судски постапки.<br>- Спротивно на Статутот, измените на Правилникот за систематизација на работите и задачите од септември 2003 година, Управниот одбор ги донел на предлог на заменикот директор без посебно дадено овластување од директорот. Ревизијата констатира дека заменик директорот без посебно овластување од директорот донел и повеќе решенија за престанок на работен однос со отказ поради прогласување за технолошки вишок, заради што сите акти кои ги донел во формално - правна смисла се донесени од | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | неовластено лице. Донесувањето на општите и други акти на Дирекцијата од страна на неовластено лице определено со Статутот, има за последица несакани ефекти по однос на остварувањето на правата и обврските од работен однос на пет вработени од Дирекцијата прогласени за технолошки вишок со отказ за што се водат повеќе годинишни судски спорови и кои можат да резултираат со судски пресуди во корист на вработените и нивно враќање на работа, а со тоа и создавање идна обврска за исплата на буџетски средства за направрени судски трошоци и исплата на заостанати плати.<br>- Во завршните одредби на правилниците за организација и систематизација на работите и задачите е дефинирано дека | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | согласност на овие акти дава Владата на РМ што со Законот за слободни економски зони и со Статутот на Дирекцијата тоа не е пропишано.<br><br>Вакавата подготовка на интерните акти, може да има за последица нивно погрешно толкување и можност од донесување на Одлуки спротивни на законските прописи кои можат да имаат негативни последици за работењето на Дирекцијата. | | | |
| 11.1.2. | Со Законот за Слободни економски зони (СЕЗ, во понатамошниот текст) Правилникот за поблиските критериуми и начинот на уредување на СЕЗ и Правилник за определување на условите за влегување и излегување на физичките лица и транспортните средства на подрачјето на СЕЗ се пропишани обврските и задачите | Да се превземат сите потребни мерки и активности за соодветно пополнување со извршители на организационата единица во СЕЗ Фени Кавадарци со што ќе се овозможи да се реализират надлежностите на Дирекцијата согласно | **Препораката е неприменлива** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на Дирекцијата и на Организационата единица на Дирекцијата во СЕЗ - Долина на никелот – Кавадарци. Согласно Правилникот на систематизација на работните задачи од септември 2003 година Одделението за управување со просторот во СЕЗ, контрола и безбедност е проектирано на 11 извршители за секоја СЕЗ. Фактичката ситуација на организационата единица на Дирекцијата во СЕЗ Фени индустри е тоа што истата започнува со работа од 01.12.2003 година со ангажирање на едно лице по договор за дело кое работите ги извршува со опрема и канцелариски материјали добиени од основачот на зоната - Фени индустри.<br><br>Поради непополнетост на Одделението со предвидениот број на извршители, Дирекцијата не е | Законот и Правилниците за слободни економски зони. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во можност целосно да ги реализира одредбите од Законот и Правилниците за слободни економски зони во СЕЗ Фени индустри и тоа:<br><br>- не се спроведуваат во целост одредбите од Правилникот за 24 часовно обезбедување на контрола на влез - излез на физичките лица и транспортните средства, туку само за 8 часа,<br>- отежнат е пристапот и увидот на податоците обработени од лицето до Дирекцијата поради недостаток на софтверска програма за автоматска обработка на податоците,<br>- не е обезбеден комплетен мониторинг од страна на лицето ангажирано по договор на дело, туку истиот го врши врши само царинската служба,<br>- одредбата од Правилникот | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | согласно која на организационата единица и се доставува копија од документите за секоја стока која влегува или излегува од СЕЗ, не се исполнува во целост поради недоволна екипираност со извршители,<br>- не се врши процедурална обработка на влезот и излезот на стоката и услугите од територијата на Република Македонија кои се декларираат на посебен образец како што тоа се прави за увезената и извезена стока од зоната.<br>Поради горе посочените организациони слабости, Дирекцијата не е во можност да ги изврши основните надлежности предвидени со Законот за слободни економски зони и тоа: обезбедувањето на контролата и управувањето со просторот во зоната, координирањето на | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активностите на органите на државната власт и јавните претпријатија на просторот на зоната, надзорот над функционирањето на инфраструктурата во зоната, недоволно обезбедени податоци за анализа на вкупниот промет на стоки и услуги во зоната по видови и места за кои е потребно да доставува извештај до Владата на РМ. | | | |
| 11.1.3. | Со применети алтернативни ревизорски постапки во насока на утврдување на начинот на реализирање на одредбите од Законот за концесии и Законот за минириеални суровини кај СЕЗ Фени индустри - ревизијата констатира дека пресметките и плаќањата за истражувањата и експлоатациите на никелот во рудникот Ржаново не се прават | Министерот за економија да склучи Анекс договор кон основниот договор за концесија за експлотација на минерални суровини со Фени индустри - Кавадарци согласно Одлуката на Владата на РМ од 2005 година за определување на критериумите и височината на надоместокот за концесии | **Препораката е неприменлива** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | согласно Одлуката на Владата на РМ од 2005 година за определување на критериумите и висината на надоместокот за концесии за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, согласно која висината на надоместокот треба дабиде поголема од утврдениот со основниот договор. Промената на Одлуката на Владата претставува обврска на министерството за економија да склучи анакс кон основниот договор, што во случајот не е направено и има за ефект помалку уплатени средства на сметката на Буџетот на РМ. | за вршење на детални геолошки истражувања и експлотација на минерални суровини. | | |
| 11.2. | **Неправилности во искажување на билансните позиции** | | | |
| 11.2.1. | Спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во | 1. Директорот на Дирекцијата за слободни економски | **Препораката не спроведена** | Годишниот попис е во согласност со Правилникот за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Дирекцијата за слободни економски зони Скопје не е извршено усогласување на состојбата на материјалните и други средства искажана во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. Со аналитички ревизорски постапки ревизијата ги констатира следните пропусти:<br><br>- Пописот не ги содржи податоците за набавната вредност, акумулираната амортизација и неотпишаната - сегашна вреднсот на материјалните средства,<br>- не е воспоставена аналитичка, материјална евиденција на основните средства;<br>- опремата е без инвентарни броеви и<br>- Дирекцијата за слободни економски зони располага со опрема затекната од | зони да превземе мерки за изготвување на годишен попис во согласност со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, да се изврши усогласување на фактичката состојба со сметководствената евиденција и да се воспостави материјална, аналитичка евиденција која ќе се усогласи со финансовото сметководство.<br>2. Да се изврши проценување на вредноста на патничкото возило Голф сопственот на Дирекцијата, да се воспостави материјална и аналитичка | **Препораката е спроведена** | сметководство на буџетите и буџетските корисници и е усвоен од страна на УО со одлука бр. 02-363/3 од 28.02.2013.<br><br>Извршена е проценка со бр. 03-1996/1 од 19.10.2007 и е евидентирано во книговодствената евиденција на Дирекцијата за ТИРЗ.<br><br>Со известување бр 05-1292/1 од 21.10.2009 од страна на Министерство за економија, материјалните средства со кои располага Дирекцијата за ТИРЗ се евидентирани во книговодствената |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Министерството за развој и едно патничко возило Голф кои количински се заведени во пописните листи но не се евидентирани во сметководствената евиденција.<br><br>Горе посочените состојби имаат за ефект нереално и необјективно прикажани позиции на Матерјалните средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба и можат да имаат за последица злоупотреба на опремата во државна сопственост. | евиденција и да се евидентира финансиски во сметководството.<br>3. Во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија како правни наследници на тогашното Министерство за развој да да се утврди сопственоста на материјалните средства со кои располага Дирекцијата, да се изврши нивна проценка од овластени проценители и да се евидентира во сметководствената евиденција. | **Препораката е спроведена** | евиденција на Дирекцијата. |
| 11.3. | **Ненаменско и незаконско** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **користење на средствата:** | | | |
| 11.3.1. | Овластеното лице на Дирекцијата нема назначено одговорен сметководител што е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, сметководствена евиденција и пресметката на плати на вработените ја има вршено надворешно лице по договор за дело и има за последица не воспоставена одговорност за изготвените финансиските извештаи. | Одговорното лице на Дирекцијата согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници да назначи одговорен сметководител кој ќе биде одговорен за точноста и веродостојноста и усогласеноста на финансиските извештаи и трансакции. | **Препораката е спроведена** | Со Решение бр. 02-2011 од 14.03.2011 година од Друштвото за услуги, трговија и производство СИЛНА ДООЕЛ Скопје, лицето Вера Марковска е назначена за одговорен сметководител во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони. |
| 11.3.2. | Спротивно на Законот за извршување на Буџетот за 2005 година на вработените на службен пат им се исплаќало надомест за храна и превоз што има за последица незаконски потрошени средства. | При исплата на надоместоците за службен пат да се почитуваат одредбите од Законот за извршување на Буџетот со цел да се обезбеди законитост во работењето. | **Препораката е спроведена** | При исплата на Надоместоците за службен пат се почитуваат одредбите од Законот за извршување на Буџетот |
| 11.3.3. | Не се евиденирани трансакциите преку денарската и девизна | Одговорното лице на Дирекцијата да превземе | **Препораката е спроведена** | Согласно Законот за извршување на Буџетот, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | благајна, подигањето на средствата во готово од сметката на Дирекцијата директно се евидентирани како расход. Овој начин на евидентирање на трансакциите го има за последица следното:<br>- Промените на благајната не се прикажани во соодветни временски периоди со што нереално е прикажана состојбата на паричните средства во одреден временски пресек,<br>- Не се евидентирани авансите за службен пат и за матерјални трошоци при што е можна појава на финансирање на поединци,<br>- Нереално и не објективно се прикажани расходите за гориво. За оваа намена во 2005 година од сметката подигнати се 15 илјади денари, а се реализирани расходи во износ | конкретни мерки за устројување на контролниот и сметководствениот систем во одделението за сметководство со цел сметководствените трансакции да се обработуваат и контролираат точно, вистинито и сеопфатно. | | Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од 186 илјади денари. | | | |
| 11.3.4. | Ревизијата констатира дека Управниот одбор на Дирекцијата нема донесено соодветен акт со кој се регулира износот на средствата предвидени за користење на службен мобилен телефон. Немањето на интерни акти ја оневозможува ревизијата да изврши контрола на расходите за оваа намена според објективно утврдени критериуми, што може да има за последица незаконско и ненаменско трошење на средствата што преставуваат државни расходи. | Управниот одбор на Дирекцијата како орган на управување да донесе интрен акт за регулирање на расходите за мобилен телефон кој ќе биде усогласен со Одлуката на Владата на РМ за определување на правото на користење на службен мобилен телефон во рамките на предвидените буџетски средства со што ќе се овозможи следење и контрола на истите како и рационално користење на средстватакои претставуваат државни расходи. | **Препораката е спроведена** | Управниот Одбор со одлука бр 02-1075/4 од 09.10.2012 се одлучи да се определи правото на користење на службени мобилни телефони на фукционерите и вработените во Дирекција за ТИРЗ со ограничување на висината на сметката до определн износ. |
| 11.3.5. | Исплатени се средства за угостителски услуги во износ од 63 илјади денари на ТД ДООЕЛ Пчела | Одговорните лица да се придржуват на одредбите од Правилникот за | **Препораката е спроведена** | Постигнат е напредок во обезбедувањето и внесувањето на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | врз основа на непотполна поткрепувачка документација за кои ревизијата не доби уверување за вистинитоста и намената на извршените услуги. Ваквото исплата има за последица незаконски потрошени средства. | сметководство на буџетите и буџетските корисници согласно кој за внесување во деловните книги се потребни веродостојни, уредни и вистинити документи со соодветна документација. | | документацијата согласно законската регулатива |
| 11.3.6. | Со увид во примената на Законот за јавни набавки ревизијата констатира дека Дирекцијата нема донесено План за јавни набавки за 2005 година. Потребите за набавки се реализираат со набавка на потребните стоки во најголем дел во износ до 100 евра месечно со прибирање на три понуди без да се спроведе постапка за набавката во формално правна смисла согласно Законот за јавни набавки. Ваквата состојба може да има за последица нетранспарентно и ненаменско користење на средства. | Одговорното лице на Дирекцијата да ги планира годишните набавки со донесување на План за јавни набавки кој треба да се достави до Бирото за јавни набавки. | **Препораката е спроведена** | Набавките се предвидени во Годишниот план бр.01-55/1 од 10.01.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-56/3 од 10.01.2012 година, Изменетиот и Дополнет Годишен план бр.01-55/2 од 24.04.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-538/4 од 24.04.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | година,Изменетиот и Дополнет Годишен план бр.01-55/3 од 09.05.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-604/3 од 09.05.2012 година, Изменетиот и Дополнет Годишен план бр.01-55/4 од 10.07.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-770/6 од 10.07.2012 година, Изменетиот и Дополнет Годишен план бр.01-55/5 од 19.11.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-1233/4 од 19.11.2012 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | и Изменетиот и Дополнет Годишен план бр.01-55/6 од 25.12.2012 година за јавни набавки во 2012 година на Дирекцијата за ТИРЗ усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-1417/5 од 25.12.2012 година. |
| 11.4. | **Слабости на финансиско раководење и известување** | | | |
| 11.4.1. | Ревизијата има оврска да ги обелодени активностите започнати во СЕЗ Бунарџик во 2005 година а кои се реализираат во 2006 година. Со Извадок на Владата на РМ од април 2005 година усвоена е информација за начинот на искористување на дел од средствата од микрокредитната линија согласно одредбите од Финансискиот договор со Европската комисија од 1998 година во висина од 3,1 милиони евра за развојни цели на Владата | Овластеното лице на Дирекцијата да ги превземе сите мерки и активности реализацијата на проектите да се вршат со трезорска подршка согласно Законот за буџети, со отварање на посебна сметка, со што би воспоставила целосна евиденција и контрола на средствата предвидени со Буџетот за таа намена. Во соработка со Владата на РМ како основач на | **Препораката е спроведена** | Дирекцијата има отворено две сметки 603 и 787 за посебни намени преку кои се реализираат сите активности. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на РМ.<br>За трансферот од 3.1 милиони евра во денарска противвредност Министерството за финансии ја овластил Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) и и дал насоки за користење на овие средства на следниот начин:<br>- 2,5 милиони евра да се искористат за зголемување на гарантниот фонд за осигурување на извозот на стоки од РМ во оние земји каде политичкиот и комерцијалниот ризик не може да се осигураат на друг начин и преку други агенции и<br>- во износ од 0,6 милиони евра за промоција на РМ како земја за инвестирање.<br>- Владата на РМ во мај 2006 година заклучила за реализирање на подготвителните активности во Слободната економска зона во | Дирекцијата која директно е вклучена во давањето на насоки за реализација на активностите за отпочнување со работа на СЕЗ Бунарџик да се изнајде соодветно решение за утврдување на реалната вредност на Анекс Договорот доставен на потпишување од страна на изведувачот 29 Мај ДООЕЛ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Бунарџик да се обезбедат средства во износ од 0,3 милиони евра од предвидените 0,6 милиони евра.<br>Ревизијата со алтернативни постапки на конформирање констатира дека на посебна партија во МБПР пристигнати се средства во износ од 36,711 илјади денари (0,6 милиони евра) од кои обврските кои банката ги исплатила по Извадоци на Владата на РМ изнесуваат 35,896 илјади денари а состојбата на паричните средства на 31.10.2006 година изнесуваат 815 илјади денари.<br>Ревизијата констатира дека Дирекцијата за слободни економски зони во август 2006 за реализација на средствата во износ од 0,3 милиони евра има побарано од Министерството за финансии да отвори сметка за донации (785), но истото не е сторено.<br>Начинот на реализација на | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | проектите од страна на Владата на РМ, без трезорска поддршка во вкупен износ од 0,6 милиони евра се во спротивност со Законот за буџети и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и го има за поледица следното:<br>- не реално и не објективно прикажување на приходите, расходите и превземените обврски по склучените договори за инвестициони вложувања во СЕЗ Бунарџик поради не е отворена сметка за која треба да се изработат финансиски извештаи,<br>- незаконски и ненаменски потрошени се средствата во износ од 15,000 евра или во денарска противвредност од 917 илјади денари за поддршка на нашиот преставник на евровизија во Атина, кои средства биле предвидени за | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | СЕЗ Бунарџик. Овој проект согласно законските прописи во РМ треба да е подржан и прикажан во годишната програма на меѓународната дејност во Министерството за култура.<br>- незаконски и ненаменски се потрошени средства за продажба на рекламен простор на Си-Ен-Ен за промовирање на РМ во странство во износ од 300,000 илјади евра или 18,349 илјади денари кој проект треба да е под мониторинг и евалуација на ефектите од истиот во Министерството за економија.<br>По потпишувањето на Меморандумот за соработка и обврски помеѓу Владата на РМ и компанијата Jonson Contols, Inc.USA, Дирекцијата подготвила Предлог план на мерки и активности со динамика за | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | приоритетно прилагодување на СЕЗ Бунарџик за отпочнување на инвестицијата на Jonson Contols кој во мај 2006 година е усвоен од Владата на РМ.<br><br>По добиената согласност за преговарање од Бирото за јавни набавки, на 25.08.2006 Дирекцијата склучила Договор со ДТГ и трговија 29 Мај ДООЕЛ за нивелирање-ископ и насип во слоеви за локацијата на објект за Jonson Contols со рок на изведба од 25 дена и вредност на Договор од 17.436 илјади денари со ДДВ. Договорот е склучен без претходно добиена Согласност за пристапување кон склучување Договор и Потврда за обезбедени средства од Бирото за јавни набавки. Рокот за извршување на работите е испочитуван но поради извршени дополнителни работи, изведувачот до Дирекцијата | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | доставил Анекс договор за доплата на изведени работи во вредност од 15.251 илјади денари кој не е потпишан од страна на новиот директор на Дирекцијата од причини што вредноста на работите утврдена со истиот го надминуваат основниот Договор за 90%, спротивно на Законот за јавни набавки. Во октомври 2006 година ревизијата изврши конфирмирање на обврските со изведувачот на работите 29 ти мај ДООЕЛ и согласно неговите најнови пресметки извршените работи изнесуваат 41,199 илјади денари.<br><br>Ревизијата е на мислење дека реализацијата на набавката која треба да е во согласност со Законот за јавни набавки од една страна и обезбедените средства за истата кои не се буџетски туку се од кредитната линија за развојни цели отворена во Македонска | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | банка, создале правни пречки за признавање на вредноста на Анекс договорот, а неплаќањето на истите за извршените работи создава можност за водење судски спор со неизвесен исход во поглед на вредноста на Анекс договорот. | | | |
| 1.4.2. | Со увид во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата констатира дека не е целосно пополнет со извршители поради што Дирекцијата во 2005 година континуирано ангажира 8 лица по договор на дело за кои се потрошени 568 илјади денари. Ангажираните лица извршуваат административно технички работи на систематизирани а непополнети работни места од Актот за систематизацијата. Висината на надоместокот што го примаат овие лица се движи меѓу 8 и 14 илјади денари колку што изнесува и | Органите на управување на Дирекцијата да ги превземат сите потребни мерки и активности во соработка со Владата на РМ и Министерството за финансии за решавање на статусот на вработените лица во Дирекцијата за слободни економски зони во насока на начинот на пресметка и исплата на платите како и соодветно пополнување на работните места со стручни лица согласно актот за систематизацијата со што | **Препораката е спроведена** | Согласно член 13 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија бр.156/10), вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се државни службеници и во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за државните службеници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | надоместокот на платите на вработените лица. Ангажирањето на надворешни лица на овој начин е спротивен на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени државни средства.<br>Ревизијата треба да укаже дека Дирекцијата нема донесено Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања. Пресметката на платите се врши по добиените инструкции од Министерството за финансии во 2002 година, а врз база на одобрената маса на парични средства во Буџетот на Дирекцијата.<br>Вработените лица во Дирекцијата немаат статус на државни службеници, ниту пак со Законот | би се постигнала поголема ефикасност во работењето. | | Согласно став 2 од истиот член вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони кои вршат должности и овластувања од специфична природа на работните задачи поврзани со раководење, стопанисување и одржување на технолошко индустриските развојни зони, како и вработените лица кои вршат помошни и технички работи не се државни службеници и за нив се применува Законот за работните односи, општите и посебните прописи од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување.Согласно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за слободни економски зони е дефинаран нивниот статус што има за последица ниски лични примања и мал интерес за вработување на нови стручни лица на местата на упразнетата систематизација. | | | член 24 став 2 од овој Закон, општите акти за организација и систематизација на работењето на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони требаше да се донесат во рок од шест месеци, од денот на влегувањето во сила на овој закон.Како резултат на горенаведеното во предвидениот рок беше донесен Правилникот за внатрешна организација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-268/1 од 28.03.2011 година за кој беше дадена согласност од надлежниот орган – Агенцијата за администрација со број |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 07-1123/2 од 01.04.2011 година, како и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-268/2 од 28.03.2011 година за кој беше дадена согласност од Агенцијата за администрација 07-1123/2 од 01.04.2011 година. Врз основа на овие Правилници на 01.06.2011 година беше извршено распоредување на вработените со решенија за распоредување и определување на плата за државните службеници и со Договори за вработување за лицата кои продолжија да работат согласно Законот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | за работните односи.Потоа согласно потребите овие Правилници беа изменувани дополнувани за што беше дадена поединечна согласност од Агенцијата за администрација за секое изменување и дополнување, и беа донесени следните правилници: Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-268/5 од 09.11.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Правилникот за внатрешна организација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/1 од 10.02.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/16 од 18.10.2012 година, како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 268/6 од 09.11.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/2 од 10.02.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/7 од 19.04.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/10 од 23.05.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/13 од 19.09.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 226/18 од 18.10.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони број 01-226/24 од 05.12.2012 година. |